ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА КАВАДАРЦИ

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА КАВАДАРЦИ

# 6

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

- Трансформација кон чиста (зелена енергија) на сите општински јавни институции.

# I. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

## 1. Демократизација на локалната самоуправа

- Заложба општината да се вложи во иницирање јавна дебата за законски измени со кои: (а) бројот на мандати на градоначалниците ќе се ограничи на максимум два; (б) ќе се ослободат инструментите на непосредната демократија во локалната самоуправа и ќе се намалат цензусите за свикување референдуми, народни иницијативи, собири на граѓани и сл.
- Почесто организирање локални референдуми, иницијативи и граѓански собири, како алатка за планирање на развојот на општината
- Формирање на месни самоуправи во местата каде што нема, како систем за граѓанска партиципација, и враќање на месните заедници како облик на непосредно територијално самоорганизирање и одлучување за секојдневните проблеми и потреби на народот.

## 2. Инклузивност на граѓаните во процесот на креирање политики

- Граѓанска партиципативност и вклучување на локалните жители во процесот на креирање децентрализирани јавни политики.
- Отворен ден за граѓански идеи.
- Отворени денови на градоначалникот и советниците.
- Спроведување на онлајн анкети за оценување на задоволството на граѓаните и прибирање на податоци за идни чекори на општинската администрација.

## 3. Транспарентност во работата на општината

- Двосменско работење на шалтерите со цел поголема достапност на граѓаните.
- Задоложително одржување на седниците на советот вон работно време, со цел можност за присуство на повеќе граѓани
- Јавно достапни материјали за работа на седниците вклучително предлог програмите, записниците и предлог буџетите.
- Воведување на проектот „Е-општина“.

## 4. Локална власт во заштита на работничките права

- Департизација на работните места во општинската администрација и враќање на критериумите на стручност, компетентност и професионални квалификации

# I. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

- Бирање на најквалитетните пријавени кандидати на конкурсите за вработување.
- Елиминација на непотизмот и партиските вработувања.
- Предност при вработување во локалната самоуправа на лица со попреченост, самохрани родители, и лица во социјален ризик.
- Почитување на работничките права на вработените во институциите под надлежност на локалната самоуправа.
- Непречено и слободно синдикално организирање во јавната администрација на локално ниво.
- Задолжително исплаќање согласно Колективниот договор.
- Исплаќање за прекувремена работа наместо злоупотреба на принципот за награда на блиските до власта.

### 5. Намалени хонорари на локалните функционери

- Намалување на паушалите на членовите на управните и надзорните одбори во јавните комунални претпријатија.
- Намалување на бројот на членови во управни и надзорни одбори во јавните претпијатија до законскиот минимум.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

### 1. Плански проактивни општини

- Враќање на функцијата Главен градски архитект задолжен за ДУП-ови и ГУП-ови, надзор над изведување над градби од јавен интерес и вештачење од областа на архитектурата.
- Оспособување на Одделение за просторно планирање при ЈП „Паркинг“ Кавадарци.
- Делегирање на надлежност, вмрежување и координирана работа на општинските претпријатија со цел анулирање на потребата од распишување тендери.
- Забрана за издавање под концесии на јавни објекти изградени по пат на самопридонес или со средства од јавните фондови.
- Таргетирана и стратешка изградба на јавни згради со средства на општината (социјални станови, старски домови).

### 2. Квартален отчет за приходите и расходите на општинскиот буџет

- Подобрување на транспарентноста и овозможување јавен увид во трошењето на избраните и именувани лица.
- Редовно сервисирање и намалување на долговите на општината како правно лице.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

## 3. Зголемување на општествената одговорност на кавадаречките компании

- Поттикнување на приватните фирми за стипендирање на младите и талентирани ученици и студенти.

## 4. Поддршка на развојот на занаетчиите и малите семејни бизниси

- Планирање буџетски средства за поддршка на микро и мали претпријатија.
- Повторно оживување на ул. „Мито Хаџивасилев - Јасмин" со посебни мерки за помош на мали бизниси (ослободување од фирмарина, субвенционирање на кирија и тн.).
- Креирање стратешки развојни документи за ЛЕР (Локален економски развој) и ЛЕАП (Локален економски акционен план) чија цел ќе биде максимално искористување на потенцијалот на Општината за туризам и создавање на минимум самоодржлива локална економија.

## 5. Помош на локалното земјоделство

- Модернизација и проширување на хидромелиоративниот систем „Тиквешко поле".
- Интеграција на хидромелиоративниот систем „Тиквешко поле" со хидросистемот „Лукар".
- Поврзување на постоечките водни акумулации во регионот кои досега не се ставени во функција за наводнување на лозовите насади.
- Планско овозможување бесплатни консултации на земјоделците со агрономи, ветеринари и други стручни лица.
- Анализа на обемот на производството на земјоделски и сточарски производи на ниво на општината со цел реорганизација според потребите на преработувачките капацитети, локалниот пазар и откупните центри за достигнување на одржливи цени на чинење на производот.
- Иницијатива за формирање на здруженија на земјоделци од сите населени места и формирање на земјоделско здружение (задруга).
- Програма за помош на млади кои ќе решат да се занимаваат со земјоделство и останат да живеат на село.

## 6. Обезбедување на потребната логистика во индустриските зони

- Воведување на концептот на Е-локална самоуправа и транспарентен систем на жалби од начинот на пружање на комуналните услуги.
- Експропријација и ревитализација на функционалните објекти во Индустрискиот Комбинат „Страшо Пинџур" и МИК - Кавадарци и давање на користење на компании со висок потенцијал за развој на локалната економија, рушење на старите и нефункционални напуштени објекти во истиот.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

## 1. Системска борба против урбаната мафија

- Донесување на нов хуман Генерален урбанистички план со имплементација на мерки за заштита од пожари, хаварии, поплави, елементарни непогоди и планирање на систеам за евакуација и фокусиран на развојот на периферијата на градот.
- Мораториум за изградба на нови згради во централното градско подрачје.
- Релокација на постоечкото депо од Северен булевар во с. Сопот и основање на ново депо во нас. Калница и во зона Беговица (излезот од Кавадарци кон индустрискиот комбинат ФЕНИ).
- Носење нов УПВНМ (урбанистички план за вон населено место) за нова индустриска зона кај Фени, Беговица.
- Ревизија на веќе донесените Детални урбанистички планови и прекин на важност на нелегално донесените урбанистички планови.
- Изработка на нови детални урбанистички планови.
- Застанување на патот на локалните моќници во манипулациите со градежното неизградено земјиште.
- Забрана за продажба на државно/општинско земјиште за нови згради.
- Планирање и хуманизација на просторот.

## 2. Планско градење

- Соработка со метеоролози, планери и архитекти од земјата и од странство за анализа на розата на ветрови во Кавадарци и изработка на стратегија за планско хумано градење кое ќе овозможи проток на ветровите.
- Рамономерен инфраструктурен развој, наместо задоволување на апетитите за профит на приватните инвеститори, со цел да нема избегнување на инвестиции во посиромашните региони од општината.
- Стимулирање на изградба на модерни и еколошки одржливи станбени комплекси.
- Задолжително зазеленување на просторот околу зградите со зелена површина и високостеблести садници од страна на инвеститорот.
- Презентации и јавни расправи за Деталните и Генералните урбанистички планови да се одржуваат надвор од работното време.

## 3. Пешачки зони

- Создавање интегрирани пешачки зони забранети за автомобили.
- Изградба на подземен пешачки премин за Западен булевар кај градската капела.

Изградба на велосипедско - пешачка патека од Западен булевар до обиколница на м.в Телот.

- Успорување на моторизираниот сообраќај во населените места преку инфраструктурни решенија („легнати полицајци“, стеснување на коловозните ленти, ограничување на брзината и креирање на „зони 30 km/h“).

## 4. Урбан велосипедизам

- Изградба и обележување на интегрирана мрежа на велосипедски патеки во градското подрачје и велосипедски патеки помеѓу населените места.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

- Изградба на паркинзи за велосипеди пред јавните институции и приватните објекти.
- Поставување и тековно одржување на велосипедска инфраструктура (вело-ленти, слеани рабници, поставување столпчиња, вертикална и хоризонтална сигнализација и отстранување на физичките пречки за непрекинато возење велосипед).
- Поттикнување на велосипедскиот сообраќај на општинско ниво („рент-а-бајк“ систем на попатни станици за изнајмување исправни велосипеди, поставување сервисни пунктови, субвенции за набавка на нов велосипед).
- Зголемување на нивото на сообраќајна култура за рамноправен третман на велосипедистите како учесници во сообраќајот.
- Подигнување на јавната свест за придобивките од секојдневното користење велосипед како превозно средство.

## 5. Улици и патишта

- Дислокација на семафорот на ул. Шишка, кај влезот на Општа болница - Кавадарци и враќање на претходниот режим на сообраќај, регулиран со сообраќајни знаци, за подобрување на ефикасноста и намалување на метежот.
- Пробивање на нова улица за поврзување на Северен булевар со паркингот на Општа болница - Кавадарци“.
- Тампонирани технички патишта на периферијата од градот за полесно движење на земјоделската механизација и намалување на метежот на сообраќајниците.
- Асфалтирани квалитетни патишта до секое село, населба и маало во општина Кавадарци.
- Инклузивен и безбеден сообраќај за подобро поврзување на секој дел од општината.
- Пренамена на некои улици во еднонасочен режим на сообраќај.
- Редовна санација на оштетените коловози во градот и околните села .
- Систематско одржување на хоризонталната и вертикалната сообраќајната сигнализација.
- Проширување на мрежата на јавно осветлување и поставување на штедливи сијалици за енергетска ефикасност.
- Поставување на семафори со соларни панели со цел заштеда на електрична енергија.

## 6. Јавен превоз

- Утврдување на состојбата на патиштата и покриеноста со јавен превоз во селските средини и автобуско поврзување на руралните населени места.
- Зголемување на фреквенцијата на автобуските линии на ЈП „Градски превоз Кавадарци“ и усогласување на возниот ред со динамиката и потребите на локалното население.
- Редовни јавни транспортни линии во и вон градот.
- Едукација на најмладите за важноста на користењето на јавниот превоз и промоција на јавниот транспорт како паметен избор за сите.
- Поставување на модерни автобуски постојки во и вон градската средина.

## III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

### 7. Градски паркинг

Изградба на пет нови катни гаражи со поголема зафатнина (подземно и надземно ниво).

- Укинување на платеното зонско паркирање.
- Изградба на современи паркинг простори, покриени со фотоволтаици, во сите јавни институции и за такси станици.
- Изградба на наменски паркинг простор во близина на градинките и училиштата.

# IV. КОМУНАЛНА ГРИЖА И ЈАВНИ УСЛУГИ

### 1. Водовод

- Ревитализација на главната водоводна линија на водоснабдителниот систем „Лукар“.
- Точна пресметка на загубата на вода и евалуација на ефикасноста и безбедноста на водоснабдителниот систем „Лукар“ и градската водоснабдителна мрежа.
- Ревитализација на градската водоснабдителна мрежа во насока на намалување на загубата на вода.
- Нова филтер-станица на водоснабдителниот систем „Лукар“.
- Интеграција на водоснабдителниот систем „Лукар“ со хидролукративниот систем „Тиквешко поле“ за обезбедување на чиста вода во секое време.
- Нови бунари за техничка вода (Овчка река, околината на Југокомерц, Ваташа и Марена).
- Чиста вода за пиење во секое село (изградбата на водостопански објекти, прочистителни и препумпни станици во секое населено место).
- Промена на сите водоводни азбестни цевки со пластични.

### 2. Канализација

- Надзор над прочистувањето на отпадните води кои се влеваат во Луда Мара и Црна Река.
- Редовно чистење на каналите и речните корита од отпад и поставување на мрежи за собирање на цврст отпад.
- Изградба на сеопфатна атмосферска канализација за собирање на дождовницата.

### 3. Погребални услуги

- Основање на општинско погребално претпријатие.

### 4. Јавна чистота

- Мапирање на создавачите на отпад.
- Унапредување на технологијата со која располага ЈП „Комуналец“ во насока на справување со посебен вид отпад, со фокус на отпадните масла од автомеханичарските работилници, медицински отпад од здравствените установи, индустриски отпад, градежен отпад и тн.

# IV. КОМУНАЛНА ГРИЖА И ЈАВНИ УСЛУГИ

- Ревитализација на јавните тоалети на фреквентни локации.
- Современо транспортирање на комуналниот отпад во соодветни возила со цел постепена автоматизација на процесот.
- Одржување на беспрекорно ниво на хигиена преку секојдневно чистење и миење на улиците.
- Хортикултурно уредување на секоја зелена јавна површина во градското подрачје и селските средини.
- Поставување на решетки за собирање на крупен отпад во речното корито на Луда Мара.
- Изрекување прекршочни глоби за љубителите на животни кои не си го собираат изметот од домашните миленици од јавните површини.
- Уредување на депонија за градежен шут.
- Поставување на подземни контејнери во централното градско подрачје со интенција за четири години сите контејнери во општината да бидат заменети со подземни.
- Поставување на канти за селекција на отпад.
- Формирање на редарска служба и строги казни за депонирање на отпад на диви депонии.

# V. ЕКОЛОГИЈА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

## 1. Стоп на загадувањето на природата

- Субвенции за инсталација на топлински пумпи, соларни панели или гасни печки.
- Субвенционирање на горилници за адаптација на казаните за ракија.
- Конкретни проекти што ќе го намалат или елиминираат загадувањето на животната средина (еколошки кампањи за подигање на јавната свест, општински програми за компостирање и рециклирање, погони за селекција и рециклирање на отпад, примена на „зелени технологии" итн.).
- Поддршка на проекти за намалување на негативните последици од климатските промени (т.н. Зелено производство на електрична енергија • соларна, геотермална, ветерници, урбани градини, субвенционирање енергетски ефикасни градби итн.).
- Доставување на бесплатни корпи за селекција и рециклирање на цврст отпад во секое домаќинство.

## 2. Еко-активизам

- Организирани акции за чистење на излетничките места.
- Чистење на дивите депонии.

# V. ЕКОЛОГИЈА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

- граѓански и едукативни Еко-патроли составени од млади волонтери (екологисти, зелени активисти, извидници и сл.).
- Планско пошумување на околните ридови.

## 3. Паркови и зеленило

- Проширување на Градски парк „Љупчо Шкартов".
- Уредување на нова парк-шума „Глишиќки рид".
- Уредување на нова парк-шума „Љубаш".
- Уредување на нова парк-шума над игралиште „Габер • Ваташа" на м.в. Калница.
- Уредување на излетничкото место • паркот на брегот на Црна Река по ХЕЦ „Тиквеш".
- Нов мега-дрворед долж Северен булевар.
- Уредување со зеленило за спречување на ерозија на земјиштето на ул. Ристо Миов и Западен булевар..
- Нова пиацета пред градската винотека на ул. „Тиквешко Востание", рушење на „шпанските скали" пред поранешната Градска аптека и замена со зеленило.
- Развој на ботаничката градина при СОУ „Ѓорче Петров" со два стакленици од кои едниот за автохтони видови, а другиот за егзотични растителни видови.
- Казнување на несовесните граѓани кои ја уништуваат урбаната опрема.
- Рамномерно оплеменување на запуштените јавни зелени површини во секој дел на градот.
- Редовно наводнување на урбаното зеленило преку посебни современи системи.
- Партерно и хортикултурно уредување на запуштените дворови на колективните стамбените згради со цел тие да станат пријатни зелени катчиња за станарите и нивните семејства.

## 4. Зелени политики на локално ниво

- Изработка на студија за прогласување на Кожуф за национален парк во соработка со општините Гевгелија и Демир Капија.
- Изработка на експертска студија за главните причинители на загадувањето на водите, почвата и воздухот и стратегија за нивно менаџирање.
- Вклучување на неформалните собирачи на отпад во системот на комунално депонирање.
- Развој на зелен катастар.
- Трајна забрана за отварање на фабрики и рудници кои негативно влијаат врз животната средина.

## 5. Енергетска ефикасност

- Термоизолациони фасади и ПВЦ прозорци на сите јавни објекти.
- Инсталација на соларни панели на сите јавни објекти во сопственост на општината.

# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

## 1. Образование

- Тековно одржување на училиштата во Гевгелија и околните села (кровови,училници, ходници, врати, прозори, санитарни јазли во училишните згради и сл.).
- Бесплатен оброк за сите ученици во основните училишта приготвен во училишните мензи.
- Обезбедување на соодветен општински возен парк заради бесплатен превоз на ученици (школски автобуси, комбиња и сл.), со цел истиот во иднина да не го вршат приватни превозници.
- Забрана за издавање на училишните кујни под концесија.
- Забрана за приватно обезбедување.
- Финансиска помош од општинскиот буџет во делот на исполнување на училишните програми.
- стопирање на сите сомнителни проекти за работа со деца изведувани од страна на здруженија на граѓани во училиштата.
- Стипендии за најдобрите ученици и студенти со вклучување и на наменски донации од локалните бизниси.
- Стипендирање на студенти од Архитектонски и Градежен факултет кои во своите студии работат на проекти од јавен интерес во Општина Кавадарци.

## 2. Култура

- Отворање на МКЦ – Младински културен центар на Општина Кавадарци кој би бил своевиден алтернативен ресурсен центар, т.е. „инкубатор“ на младите културни дејци со мултимедијален и функционален простор за „гаражни бендови“, танчари, стрип цртачи, графити-уметници, сликари и креативци.
- Отворање на АКСЦ – Автономни културно-социјални центри преку пренамена на напуштените објекти во општинска сопственост, со можност за конференциски простор, кафе-книжарници, дизајнерски продавници и сл.
- Основање на „Кавадарци медиа-форум“ со учество на јавни личности од општината и државата на кој ќе бидат промовирани младинските политики и важноста на почитта, солидарноста, разбирањето и помошта на блиските.
- Итна дислокација на фотоволтаиците поставени во близина на археолошкиот локалитет „Градиште“ во нас. Глишиќ, негова илуминација и адаптација за посетители.
- Уредување на патека до Спомен плоча на Тоде Хаџи Тефов, поставена во месноста „Калница“, уредување и обезбедување на околината.
- Отстапување на јавни површини за оплеменување со графити и уметнички цртежи.
- Организирање културни настани, делегирање на надлежноста на Домот на Културата „Иван Мазов • Климе“ и прекинување на директно делегирање на оваа надлежност на приватни компании со тенденција да наплатат тројно од вредноста за организација на настаните.

# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

- Поддршка за фолклорот и старите занаети.
- Поддршка на традиционалните културни манифестации.
- Обнова на културно-историските споменици.

## 3. Туризам

- Промоција на градските винотеки, сувенирници и проактивност на вработените во промоција на енолошката култура во Кавадарци;.
- Развој на стази за спортски и планински велосипедизам на планината Кожуф.
- Интензивен развој и субвенционирање на алтернативниот туризам (вински, рурален/селски).
- Изготвување на урбанистички планови за планинските населени и излетнички места вклучувајќи ги и населбите Моклиште, Доне Попов и населбите околу Тиквешкото Езеро.
- Унапредување на работата на Туристичкото информативно биро задолжено за стратешко планирање на развојни политики.
- Промоција на Општината по саеми за туризам во Србија, Босна, Унгарија и Романија.
- Заложба за отворање на граничниот премин „Пуљевац“ и креирање понуда која би ги задржала транзитните туристите кои одат и се враќаат од Грција.
- Субвенции за планинарските друштва кои ќе се вклучат во рехабилитација на планинарските домови и караули (вклучително Планинарски Дом „Мрежичко“ и Караула „Голубец“).
- Соработка со туристички агенции од Македонија и странство за привлекување на посетители во Општина Кавадарци.

## 4. Спорт и рекреација

- Изградба на градски базен.
- Поддршка на локалниот спорт, спортските сојузи и клубови во различни форми преку изградба и одржување на постоечката спортска инфраструктура.
- Изградба на нови маалски игралишта и поправка на постоечките.
- Организирање на турнири (фудбал, кошарка, шах, табла) со наградни фондови поддржани од општинскиот буџет.
- Реновирање на запуштените спортски сали.
- Враќање на можноста жителите повторно да ја користат градската спортската сала за спорт и рекреација.
- Изградба на мултинаменски спортски центар.

## 5. Детски игралишта

- Изградба на детски игралишта со повеќе различни елементи за забава за најмладите.

# VII. МЕЃУГЕНЕРАЦИСКА СОЛИДАРНОСТ

## 1. Детска заштита

- Социјална грижа за децата без родители, децата без родителска грижа, децата од дисфункционални семејства, децата со воспитно-социјални проблеми.
- Бесплатни градинки за секое дете.
- Отворање нови градинки и зголемување на капацитетот на постојните.
- Вработување на поголем број стручен кадар во градинките.
- Двосменска работа на градинките.

## 2. Младински политики

- Промоција на нов настан „Ден на семеството • Кавадарци медиафорум“.
- Воспоставување локална мрежа на младински организации.
- Поддршка на проекти од неформални младински иницијативи за урбано културно живеење.
- Бесплатни курсеви за странски јазици и компјутери за децата од семејства од социјален ризик.

## 3. Заштита на стари и изнемоштени лица

- Изградба на дом за стари лица.
- Финансиска поддршка на пензионерските клубови.
- Нега во домашни услови за старите и изнемоштени лица со волонтерски акции од Црвениот крст и други хуманитарни организации.

# VIII. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

## 1. Помош за социјално ранливите категории граѓани

- Еднократно отпишување на долговите за неплатена вода кон ЈК „Комуналец“ и повлекување на сите тужби за најсиромашните слоеви од населението.
- Воведување Програма за заштита од „енергетка сиромаштија“ (субвенционирање на долговите за вода и комуналии на сиромашните семејства).
- Отворање на народни кујни.
- Воведување интервентен фонд за социјално загрозени семејства.
- Обуки за преквалификација и доквалификација на невработените лица.
- Поддршка на самохрани родители.
- Институционална помош на жртви од семејно насилство.
- Згрижување на лицата во социјален ризик и на бездомниците.
- Згрижување и соодветен третман на зависници од дрога и алкохол.

## 2. Општествена грижа за лицата со попреченост

- Финансиска поддршка на дневниот центар за лица со попреченост и други

# VIII. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

лица на кои им е неопходна туѓа нега и внимание.

- Обезбедување лица за придружба на децата кои посетуваат настава во основните училишта и обезбедување други бенифиции за родителите кои имаат деца со попреченост.
- Програми за вработување и самовработување на лицата со попреченост. • Изградба на згрижувачки дом за возрасни лица со посебни потреби.

### 3. Пристап до јавните објекти за инвалидните лица

- Градежно прилагодување на влезовите на јавните згради за непречен пристап за инвалидни лица.
- Целосна пристапност на сите главни улици за луѓе со инвалидски колички (симнување од тротоар на улица, скали, пешачки премини), како и слободен пристап во секоја јавна установа, банки, здраствени домови, училишта, спортски сали, библиотеки, паркови, јавниот превоз...

### 4. Јавно здравје

- Едукација и превентивни активности за заштита и здравје при работа.
- Помош на лица со специјални потреби.
- Осовременување на возниот парк на Брзата помош.

# IX. ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

### 1. Меѓуопштинска соработка и партнерски однос со невладините организации

- Соработка со ЗЕЛС и со соседните општини.
- Соработка со граѓански здруженија и користење на експертска помош од граѓанските здруженија за областа во која тие дејствуваат.

### 2. Преземање сет мерки за заштита и спасување на граѓаните

- Осовременување на возниот парк на територијалната Противпожарна служба.
- Поставување хидранти до капиталните градски објекти со цел нивна ефикасна заштита.
- Ставање во функција на скривниците изградени во СФРЈ.

# IX. ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

- Организирање превентивни обуки за заштита и спасување на луѓето и имотот.
- Изведување координирани показни вежби за заштита и спасување при природни непогоди и други несреќи од поголеми размери итн.

## 3. Стоп на нехуманиот третман на бездомните животни

- Доследно спроведување на програмата „Залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ во Стационарот „Шепа“ во Кавадарци.
- Изградба на паркови за кучиња опремени со сите потребни реквизити.
- Промоција на можноста за посвојување на бездомните животни од стационарот и вклучување на активисти во неговата работа.




# X. КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

## 1. Стоп на корупцијата

- Нулта толеранција кон изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, особено при: располагањето со општинските пари, склучувањето на договори за јавни набавки, промената на генералниот и деталните урбанистички планови.

## 2. Персонално екипирање на општинските инспекции

- Комплетно доекипирање на инспекциските служби со цел зголемување на нивната ефикасност.
- Обуки за надоградување на вештините и знаењата на локалните инспектори.
- Санкционирање на инспекторите заради неизвршување на нивните теренски надлежности.

## 3. Спокојно урбано живеење

- Ослободување на узурпираните тротоари и јавни површини од нелегално поставените тенди, маси и столчиња на околните кафулиња.
- Заштита од ноќна бучава и нарушување на спокојот на соседството од гласна музика од локалите, кафулињата и рестораните.
- Заштита на граѓаните од гласни машини, мотори, автомобили во доцните вечерни часови со поголема сообраќајна контрола.

# ЛЕВИЦА

## ЗА КАВАДАРЦИ

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА КАВАДАРЦИ

# 6

levica.mk
@levica_mk
@levica_partija
PartijaLevica
@levica.mk
@levica_partija